**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1003-159/8**

**Скопје, 10.07.2009 година**

**До**
**Основен суд Крушево**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Крушево - сметка за депозитно работење (во понатамошниот текст Суд) за 2008 година кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Основниот суд за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Кочо Ивановски - Претседател на Основен суд Крушево од 18.12.2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 13.05.2009 година до 15.05.2009 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***10.1. Неправилна примена на акти***

***10.1.1.*** Во делот на материјално финансиското работење со вонбуџетските средства како привремен и редовен депозит, на крајот на годината е искажана состојба на средствата на депозитите во износ од 115 илјади денари.

Со ревизија на материјално финансиското работење со вонбуџетските средства како привремен и редовен депозит на депозитната сметка, ревизијата ги утврди следните неправилности:

- не е изработен Преглед на судските депозити, како прилог кон завршната сметка
- не е изработен „Биланс на средствата на депозитите„, по годишното заклучување на дневникот и аналитичките картици за евиденција на депозитите
- не е формирана Комисија за преглед на севкупното работење на средствата на депозитите за претходната година
- Комисијата за попис не извршила попис на обврските по примени депозити, а за паричните средства на сметката само ја констатирала состојбата од сметководствената евиденција, но не го разграничила основот за нивно евидентирање по предмети, што не е во согласност со Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Ваквите состојби не се во согласност со одредбите од Судскиот деловник и Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и придонесуваат за намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

Ревизијата не дава препорака за поради тоа што во текот на ревизијата ВД претседателот на Судот донесе Одлука за формирање Комисија за контрола на депозитната сметка.

**Препорака:** Пописната комисија да врши целосен попис на состојбите на депозитната сметка, одговорниот сметководител кон завршната сметка да приложува Преглед на судски депозити, изработен во координација со лицето задолжено за евиденција на истите, а по годишното заклучување на дневникот и аналитичките картици за депозитите да изработува „Биланс на средствата на депозитите„.

11. Според наше мислење освен за изнесеното во точката 10.1.1, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, финансиската состојба на Основен суд Крушево – сметка за депозитно работење на ден 31 Декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Основен суд Крушево - сметка за депозитно работење е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

**Овластен Државен Ревизор**

Скопје, 09.07.2009 година



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

**Основен суд Крушево**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 179 | 764 |
| **Вкупно приходи** | **179** | **764** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 64 | 704 |
| **Вкупно тековни расходи** | **64** | **704** |
| **Вкупно расходи** | **64** | **704** |

**Основен суд Крушево**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 115 | 60 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 0 | 60 |
| Активни временски разграничувања | 115 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **230** | **120** |
| **Вкупна актива** | **230** | **120** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Примени аванси, депозити и кауции | 115 | 60 |
| Пасивни временски разграничувања | 115 | 60 |
| **Вкупно тековни обврски** | **230** | **120** |
| **Вкупна пасива** | **230** | **120** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------